ДРЖАВНА МАТУРА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

ФИЛОЗОФИЈА
ДЕЛ 1

# ФИЛОЗОФИЈА

## ДЕЛ 1

**Време за решавање: 60 минути**

**јуни 2015 година**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сѐ додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара со заокружување на буквата пред точниот одговор. Задачите во кои си заокружил повеќе од еден одговор се вреднуваат со нула (0) поени.
За решавање на тестот користи пенкало што пишува сино или црно. Одговорите на задачите напишани со молив се вреднуваат со нула (0) поени.
Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
Задачите се одговараат прво во тестот, а потоа треба **одговорите на задачите да ги пренесеш на листот за одговори**, според Упатството за пополнување дадено во него.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2015

**1** **Антропологијата е наука за:** | 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. битието.
Б. природата.
В. човекот.
Г. космосот.

**2** **Науката за сознанието се нарекува:** | 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. онтологија.
Б. етика.
В. аксиологија.
Г. гносеологија.

**3** **Протагора смета дека:** | 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. човекот е мера на сè.
Б. Бог е мера на сè.
В. природата е мера на сè.
Г. апсолутот е мера на сè.

**4** **Едно од највлијателните етички дела на Аристотел е:** | 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. „За духот на законот“.
Б. „Општествениот договор“.
В. „Етика - изложена на геометриски начин“.
Г. „Евдемова етика“.

**5** **Аристотел бил основоположник на Универзитетот „Ликеј“ кој уште е нарекуван:** | 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Киренска школа.
Б. Атинска академија.
В. Киничка школа.
Г. Перипатетичката школа.

**6** **Според учењето на стоицизмот при настанувањето и при исчезнувањето на светот владее строга законитост. Оваа нужност е фатум, односно:** | 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. случајност.
Б. судбина.
В. индетерминираност.
Г. нерамномерност.

**7** **Според Тома Аквински Бог е:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. нерационална волја.

Б. бесконечна материја.

В. чиста форма.

Г. протежна супстанција.

**8** **Големиот исламски филозоф Ал-Фараби својата филозофска и логичка мисла ја развил под влијание на античкиот филозоф:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Сократ.

Б. Аристотел.

В. Сенека.

Г. Кикерон.

**9** **Во своето дело „*За државата Божја*", Аврелиј Августин зборува за развитокот на две држави, и тоа Божја и:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. демократска држава.

Б. спиритуална држава.

В. земна држава.

Г. теократска држава.

**10** **Меѓу првите византиски филозофи што ја задолжиле средновековната интелектуална мисла се истакнувале:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Псевдо-Дионизиј Ареопагит и Јован Дамаскин.

Б. Црноризец Храбар и Наум Охридски.

В. Блез Паскал и Михаил Ломоносов.

Г. Алберт Велики и Тома Аквински.

**11** **Делото „*Владетел*" коешто е значајно за поставувањето на темелите на модерната политичка наука го напишал:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Еразмо Ротердамски.

Б. Џон Лок.

В. Мишел де Монтењ.

Г. Николо Макијавели.

**12** **Согласно учењето на познатиот француски филозоф Рене Декарт постојат две супстанции, и тоа:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. божествена и световна супстанција.

Б. творечка и создадена супстанција.

В. материјална и духовна супстанција.

Г. иманентна и трансцендентна супстанција.

**13** **Џорџ Беркли е претставник на филозофскиот правец:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. позитивизам.
Б. емпиризам.
В. прагматизам.
Г. рационализам.

**14** **Спиноза согласно своето пантеистичко учење тврди дека:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. постојат бесконечно многу супстанции.
Б. супстанцијата е во сѐ и сѐ е во супстанцијата.
В. супстанцијата не постои и ништо не е супстанцијално.
Г. постојат две супстанции со бесконечно многу атрибути.

**15** **Според учењето на Рене Декарт, основен атрибут, односно квалитет на материјалната супстанција е:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. деструктивноста.
Б. распростирањето.
В. мислењето.
Г. духовноста.

**16** **Исклучително значајни француски енциклопедисти се:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Пол Холбах и Клод Андриен Хелвециус.
Б. Огист Конт и Албер Ками.
В. Пјер Жозеф Прудон и Жан Бодријар.
Г. Жак Дерида и Мишел Фуко.

**17** **Волтер е еден од највлијателните претставници на:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. прагматизмот.
Б. емпиризмот.
В. просветителството.
Г. утилитаризмот.

**18** **Според Жан-Жак Русо човекот природно е:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. бесчувствителен.
Б. зол.
В. безгрешен.
Г. добар.

**19** **Според Имануел Кант, категоричкиот императив определува кога дејството е:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. бесмислено.
Б. полезно.
В. морално.
Г. испланирано.

**20** **Утилитаризмот на Џон Стјуарт Мил, како и неговите социјални и политички погледи се во согласност со неговите:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. традиционалистички ставови.
Б. теократски ставови.
В. анархистички ставови.
Г. либералистички ставови.

**21** **Еден од највлијателните претставници на социјал-утопизмот е:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Џон Дјуи.
Б. Роберт Овен.
В. Адам Смит.
Г. Михаил Бакунин.

**22** **Влијателните философи Николо Макијавели и Џордано Бруно се истакнати претставници на периодот во философијата познат како:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. просветителство.
Б. ренесанса.
В. сколастика.
Г. постмодерна.

**23** **Согласно философските согледби на Огист Конт, постојат три стадиуми на развојот на знаењето: метафизички, теолошки и:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. позитивистички (научен) стадиум.
Б. етички стадиум.
В. антрополошки стадиум.
Г. космополитски стадиум.

**24** **Учењето на Карл Маркс е конципирано под влијание на Хегеловата философија. Сепак, Маркс остро го критикува Хегеловото учење поради Хегеловите:** **1 поен**
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. емпиристички ставови.
Б. материјалистички ставови.
В. сензуалистички ставови.
Г. идеалистички ставови.

**25** **Иморализмот на Ниче подразбира:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. возвишување на егалитаристичките вредности.

Б. почитување на актуелните морални вредности на општеството.

В. зајакнување на демократските вредности.

Г. отфрлање на наметнатите вредности.

**26** **За филозофот Анри Бергсон основен, најзначаен, безмалку единствен филозофски проблем е:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. архето.

Б. хаосот.

В. животот.

Г. вселената.

**27** **Исклучително значаен претставник на егзистенцијализмот е:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Лудвиг Витгенштајн.

Б. Карл Попер.

В. Огист Конт.

Г. Симон де Бовоар.

**28** **Прагматизмот претставува своевидно продолжување и адаптација на:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. пантеизмот.

Б. емпиризмот.

В. нихилизмот.

Г. анархизмот.

**29** **Учењето на Ерих Фром е втемелено врз принципите на:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. иморализмот.

Б. хуманизмот.

В. мизантропијата.

Г. нихилизмот.

**30** **Карл Попер во делото „*Отворено општество и неговите непријатели*" ги критикува погледите на тројца исклучително значајни филозофи кои афирмираат антилиберални позиции. Тоа се Платон, Хегел и:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Карл Маркс.

Б. Јохан Готлиб Фихте.

В. Сорен Киркегор.

Г. Фридрих Ниче.

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*